Проект: „*Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор – Конкурентни Земјоделски задруги* “

Референтен број: CAC06/2023

# ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

## за ментори/ки за земјоделски задруги-грантисти на проектот


1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ ........ 2

2. ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ........ 2

3. РЕЗУЛТАТИ ........ 3

4. ГЛАВНА ЦЕЛ НА МЕНТОРСТВОТО ........ 3

5. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ........ 3

6. ИЗБОР НА НАЦИОНАЛНИ МЕНТОРИ/КИ ........ 3

7. ПРОФИЛ НА МЕНТОР: ........ 3

8. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ ........ 4

9. ПОТРЕБНА ОПРЕМА И ПОДДРШКА ........ 4

10. НАДОМЕСТОЦИ И ПЛАЌАЊА ........ 4

11 НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ ........ 4


**Проектот е финансиран од Европската Унија**

# 1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор - Конкурентни Земјоделски задруги" се имплементира од страна на Македонската асоцијација на земјоделски задруги (МАЗЗ и здружението за бизниси и консултанти КРЕАЦИЈА-Скопје.

***Општата цел*** е подобрување на конкурентноста на земјоделските задруги и живеењето во руралните области преку прилагодени советодавни услуги и под-грантови шеми за повисок производствен капацитет, зголемен удел на пазарот и полесен пристап до финансии.

Партнерите се одговорни за сите аспекти на процесот на управување со грантови и ќе се погрижи сите грантови да се спроведуваат во согласност со прописите на донаторите и внатрешните процедури на секој од партнерите.

Главниот фокус на проектот е спроведување на минимум 7 максимум 10 грантови, градење капацитети на земјоделските задруги за подобра пристап на пазарот и поголеми приходи.

*Видовите на активности* кои имаат право на финансиска поддршка ќе бидат: купување на нова опрема за додадена вредност на земјоделските производи; механизација за осигурување на стандарди за ознака за квалитет; процеси за пакување на производите; процедури за производство според етикета за квалитет или географското потекло; уредување на долгорочни односи со агро-бизнис фирмите и производство за познат купувач ( производители) ; маркетинг и промовирање на активности ( веб-сајт; е-продажба); Влегување на нов пазар преку Б2Б состаноци или учество на саеми.

Проектот предвидува менторска поддршка за заинтересираните земјоделски задруги за грант во подготовка на апликацијата и поддршка во спроведувањето на грантот.

# 2. ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Општата цел на повикот е ангажирање на ментори/ки (експерти) кои треба да понудат менторска поддршка на земјоделските задруги од Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот регион и областа Преспа.

Поконкретно, менторската поддршка за земјоделските задруги се состои од обезбедување експертиза и совети за изработка на мини бизнис план за подготовка на пријавата за грант и поддршка во спроведувањето на грантот и тоа:

- Спроведување на набавките според процедурите на проектот;
- Следење на прогресот на проектот и доставување на периодични извештаи
- Изработка на финален извештаи на грантистот ( наративен и финансиски)

За да може да се обезбеди менторска поддршка, ќе се креира база на ментори за секој регион, од која ќес е понудат ментори/ки на заинтересираните земјоделски задруги.

Проектниот тим ќе ја води постапката за доделување на ментор на земјоделската задруга и ќе го следи процесот на менторирање.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

За време на менторската поддршка се очекува кумулативно 10-15 земјоделски задруги да добијат менторска поддршка во текот на оваа активност во периодот ноември 2023 – Август 2024година.

Партнерите ќе обезбедат вкупно 120 менторски часови за десетмесечен период , односно 10 менторски часови по земјоделска задруга-грантист.

Начинот на поддршка може да вклучува совети, теренска работа, онлајн комуникација за поддршка во одредени активности кои се поврзани со имплементацијата на грантот.

## 4. ГЛАВНА ЦЕЛ НА МЕНТОРСТВОТО

Менторската поддршка ќе им биде понудена на земјоделските задруги во секој од горенаведените региони. Од земјоделските задруги се очекува да изразат желба/потреба за менторска поддршка, а потоа во координација со помош на проектниот тим, ќе се усогласат потребите на ЗЗ за поддршка.

## 5. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

Се очекува избраните ментори/ки да обезбедат менторска поддршка заснована на принципите и вредностите промовирани од проектот кои меѓу другото се: професионализам, правичност и непристрасност, извонредност, доверливост и ефикасност.

## 6. ИЗБОР НА НАЦИОНАЛНИ МЕНТОРИ/КИ

Менторите/ките ќе бидат избрани врз основа на нивната област на експертиза и достапност.

Примените апликации за ментори/ки ќе бидат евалуирани, а кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат информирани дека се дел од базата на ментори.

По потпишувањето на Договорот, на менторот/ката ќе му бидат доделени земјоделски задруги , за кои тој/таа ќе подготви менторски извештај по завршување на менторската поддршка.

## 7. ПРОФИЛ НА МЕНТОР:

Подобниот кандидати за ментор/ка треба да :

а) Поседува најмалку диплома за завршено високо образование, се претпочитаат, економски науки, земјоделски науки, правни науки, или други области поврзани и релевантни за работењето на земјоделските задруги;

б)  Да има најмалку 5 години искуство во советување и менторирање;

в) Претходно искуство во работа со/во земјоделски задруги ќе се смета за предност;

д) Добро познавање и разбирање на барањата на донаторите, меѓународните стандарди и добри практики релевантни за градење на капацитетите на граѓанските организации, ќе се смета за предност;

ѓ) Претходно искуство во спроведување на тренинзи и менторство.

Апликации за вклучување во базата на ментори/ки може да поднесат сите постојани и привремени резиденти на Република Северна Македонија.

## 8. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Личните податоци кои се доставени со цел за аплицирање на Повикот за ментори/ки (имиња, адреси на е-пошта, итн.) ќе бидат складирани од страна на проектните партнери. Податоците ќе се користат за обработка на апликациите и за поврзување на експертизите на менторите со специфичните барања и потреби на задругите, со цел распределба на соодветни задачи на менторите.

Личните податоци ќе се чуваат со најголема грижа и во согласност со барањата за заштита на податоците. Апликантите можат во секое време да побараат да ги видат личните податоци што ги имаме во врска со нив и да побараат нивно бришење.

## 9. ПОТРЕБНА ОПРЕМА И ПОДДРШКА

Договорниот орган ќе се погрижи експертите да бидат адекватно административно поддржани и да имаат пристап до релевантните информации и документи, за да им се овозможи олеснето извршување на нивните задачи.

Техничка поддршка и опрема (компјутер, печатач, интернет) потребни за ангажманот за менторирање е одговорност на ангажираниот ментор.

## 10. НАДОМЕСТОЦИ И ПЛАЌАЊА

Надоместокот за еден експертски час изнесува 40 ЕУР во денарска противвредност.

Менторите/ките ќе бидат платени според бројот на часови за кои се ангажирани како ментори. Бројот на одработени часови ќе го проверува одговорното лице за грантови, врз основа на извештајот и повратните информации од земјоделските задруги.

## 11 НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Заинтересираните кандидати/ки за овој повик потребно е да достават професионална биографија (CV) на македонски или англиски јазик (најмногу до 3-4 страни) и да ја доставаат ги на следната електронска адреса: creation@t.mk со назнака „Ментор/ка на земјоделски задруги“ најдоцна до 13 Ноември 2023 година. За сите дополнителни прашања можете да се обратите на наведениот маил.